**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

УПП Бр. 03-22

Скопје 24.12.2021 г.

Предмет: Одговор на Претставка

Почитуван

Преку електронска пошта испративте Претставка насловена како „Пријава за злоупотреба на приватност од страна на Алфа Телевизија“ (наш УПП бр.03-22 од 14.12.2021 година) со која барате Агенцијата (АВМУ) да постапи во врска со емисија објавена на платформата Јутјуб (https://youtu.be/Oewxl7x0jr0) и во која велите дека „Оваа емисија е објавена без дозвола од лицето кој експлицитно ја одзема дозволата за прикажување на снимениот материјал за емисијата „Заспиј ако можеш“.

Ве известуваме дека Претставката и наводите детално и внимателно ги разгледавме и сакаме да Ве запознаеме со следното:

- Посоченото издание на емисијата „Заспиј ако можеш“ во кое гостува г Стојан Андов е од постара продукција на ТВ Алфа, односно тоа било продуцирано и премиерно емитувано на Телевизијата во ноември 2020 година;

- Сега аудиовизуелната содржина на која реферирате е поставена на интернет, а АВМУ нема надлежност врз интернетот;

- За телевизиското емитување на емисијата на програмата на ТВ Алфа, во периодот од емитувањето до сега, до АВМУ не е стигната Претставка, ниту од учесникот , ниту од гледачите;

- Инаку, медиумите се независни од какви било влијанија при создавањето на своите содржини и во донесувањето на уредничките одлуки, а АВМУ како регулатор, има законска надлежност да ја поттикнува слободата на изразување согласно член 6 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ);

- Во емисијата не можеме да констатираме прекршување на начелата кои треба да ги почитуваат радиодифузерите нотирани во член 61 или на посебите забрани предвидени со член 48 од ЗААВМУ;

- Почитувањето на професионалните новинарски стандарди е предмет на саморегулација, и нивното (не)почитување спаѓа во надлежност на новинарските здруженија и на саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија;

- Во случаите кога физички или правни лица сметаат дека медиум, случајно или намерно, објавил неточна или нецелосна информација или ги повредил нивните права и интереси, тие можат да го искористат правото на одговор и исправка. Остварувањето на ова право, како и правото на покренување приватна тужба против медиумот доколку не објави одговор или исправка,


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

е детално регулирано со Законот за медиуми (членови од 17 до 28) и АВМУ ги охрабрува граѓаните и правните субјекти да го користат ова право како механизам преку кој можат да ги повикаат на одговорност медиумите.

- Исто така, лицата кои сметаат дека медиум им ги прекршил правата можат да покренат тужба и согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**